РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 12-659/3
27-04-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-вата седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-2834/1 од 21.10.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за незаконско воведување на нов услов во постапките за избор на асистенти на /// при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2834/1 од 21.10.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 21.10.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконско воведување на нов услов во постапките за избор на асистенти на /// при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и оформен е предмет број 12-2834/1 од 21.10.2025 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомневање за ризик од ограничување на конкуренцијата и фаворизирање на конкретни кандидати во идните постапки за избор на асистенти на ///, што подносителот на пријавата го поврзува со воведување на нов услов во постапките за избор на асистенти - за асистенти да бидат избрани лица кои претходно биле демонстратори, по предлог на /// даден на седница на Деканатската управа одржана на /// година.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување податоци и информации до ///.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
На седницата на Деканатската управа на /// одржана на /// година не бил донесен став ниту одлука ниту бил утврден задолжителен или каков било друг услов во идните постапки за избор на асистенти, за асистенти да бидат избрани лица кои претходно биле демонстратори на Факултетот.
Со одредбите од членот 165 од Законот за високото образование[1] е регулирано дека изборот во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања се врши според општи и посебни услови, дека општите услови за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања се определуваат со овој закон и дека посебните услови за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања се определуваат со општ акт на универзитетот, односно со општ акт на самостојната висока стручна школа.
Според членот 170 од овој Закон, во кој се утврдени општите услови за избор на асистент, (1) за асистент може да биде избрано лице кое: има завршено прв и втор циклус на академски студии со најмалку 300 ЕКТС кредити, има стекнато назив магистер од соодветната област, има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно, има познавање на најмалку еден странски јазик. (2) По исклучок од ставот (1) на овој член, на високообразовните установи кои имаат студиски програми на интегриран прв и втор циклус на студии, за асистент може да биде избрано лице кое има завршено интегриран прв и втор циклус на академски студии со најмалку 300 ЕКТС кредити со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) или има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно, има познавање на најмалку еден странски јазик.

Посебните услови за избор на асистент се определени со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставностручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св.

[1] *„Службен весник на РСМ“ бр.82/2018, 178/2021, 58/2024, 124/2025*

Кирил и Методиј“ во Скопје[2], каде во членот 12 е утврдено дека за асистент може да биде избрано лице кое, покрај општите услови предвидени во Законот за високото образование, ги исполнува и посебните услови за избор, односно има објавено најмалку 1 (еден) труд во стручно списание како автор или коавтор или има учество на проект.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: S.D., член/anëtar

[2] *„Универзитетски гласник“ бр. 411/2018, од 5 ноември 2018 година*